РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
бр. 44-144/17
19.04 2025 год
КРИВОГАШТАНИ

Општина Кривогаштани
ул.Филип Втори бр.84 Кривогаштани тел ++38948471280
opstina_krivogastani@yahoo.com www.krivogastani.com

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/2020, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24) и член 101 од Статутот на Општина Кривогаштани(Сл.гласник на општина Кривогаштани бр.3/2011, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на општина Кривогаштани го дава следното

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ПОВИК

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Урбанистички План вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитетот кој опфаќа делови од КП 444, 445, 446, 448, 449, 450 И 451 КО Врбјани, општина Кривогаштани, дека Градоначалникот на општина Кривогаштани донесе Одлука за спроведување на

Јавна презентација и јавна анкета за Изменување, дополнување и проширување на планскиот опфат на Урбанистички План вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитетот кој опфаќа делови од КП 444, 445, 446, 448, 449, 450 И 451 КО Врбјани, општина Кривогаштани

Предметниот плански опфат за изработка на Изменување, дополнување и проширување на планскиот опфат на Урбанистички План вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитетот кој опфаќа делови од КП 444, 445, 446, 448, 449, 450 И 451 КО Врбјани, општина Кривогаштани, е ограничен со:

-од северната страна започнувајќи од пристапниот пат во веќе постојниот плански опфат-Стопански комплекс од КП 2186/1 КО Врбјани (јавен пат кој се крстосува со регионалниот пат Прилеп-Крушево), по северната граница на опфатот по регионалниот пат Прилеп-Крушево, КП бр.2184 КО Врбјани (јавен пат), за да продолжи кон југ по границата на КП бр.449/1 (западната граница), односно по границата на постојниот плански опфат, се до северната граница со КП бр.450 КО Врбјани, потоа се движи кон исток по северната граница на КП бр.450, се до пресекот со КП бр.2185, ја сечи истата до источната граница и продолжува да се движи кон југ по источната страна на КП бр.2185 КО Врбјани, односно истата претставува граница на територијалната поделба помеѓу општина Прилеп со општина Кривогаштани, се до осовина на КП бр.452 КО Врбјани (јавен пат), за да продолжи кон запад по истата, спојувајќи се со постојната граница на постојниот плански опфат на УПВНМ, до постојниот јавн пат, односно КП бр.2186/1 КО Врбјани, продолжува кон север следејќи ја границата од постојниот плански опфат се до почетната точка, односно до крстосницата со регионалниот пат Прилеп Крушево.

Вкупната површина на предложениот планскиот опфат изнесува 7,92 ха.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во салата за одржување на седниците на Совет на ден 26.05.2025 година (понеделник) со почеток во 11.00 часот.**

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласна табла во просториите на општина Кривогаштани, на веб страната на Општина Кривогаштани www.krivogastani.gov.mk и во Службен Гласник на Општина Кривогаштани.

Јавната анкета ке трае 10 дена и тоа од 21.05.2025г. до 03.06.2025г.

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Градоначалник,
Николче Мискоски